FOREVER

N. MACEDONIA

Март 2022 | Број 245

# МОЌТА НА МАЛИТЕ СЕКОЈДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

Стефан и Тања Стаеви









# Споделете ги вашите фаворити




## ФОРЕВЕР ТЕСТЕРИ

FOREVER™



# Моќта на малите секојдневни активности



Пред десетина дена се вративме од едно уникатно доживување во Доминиканската република – средба на раководниот тим од централната канцеларија на Форевер со генералните директори на канцеларии во светот кои управуваат со филијалите на компанијата повеќе од 20 години. За прекрасно избраното место, организацијата и интересните активности кои нѝ ги имаа подготвено нема потреба да раскажуваме, бидејќи сите знаете дека кога Форевер прави нешто тоа се реализира на најдобриот можен начин.

Сакаме да ви раскажеме за нашите исклучителни впечатоци од полињата со алое, од производствениот процес и од капацитетите. Дел од програмата на нашиот престој беше посета на полињата со алое насадите кои се простираа до каде што погледот допира. Импресивна глетка! Ве уверуваме дека изгледаат токму како на филмовите и фотографиите. Извежбаните  движења и умешноста на берачите на узреаните листови ѝ даваат уште поголем колорит на сликата. А совршено подмачканата машина во одмерен ритам ја носи суровината до производствените капацитети каде што следува внимателно миење и доведено до совршенство вештото  одделување на гелот од внатрешноста на секој лист. Потоа следи асептичка преработка на гелот во супер модерната инсталација, изградена за таа цел.

Процесот е толку добро разработен што однадвор изгледа како детска игра, а всушност е многу напорна работа да ги снабди сите центри за производи во светот со милиони литри гел годишно. Ако само за миг можете да видите како глатко тече сè и покрај огромните размери, ќе се воодушевите!

И, знаете, целата оваа слика одново нè натера да се замислиме за основните принципи за градење на успешен бизнис со Форевер – секојдневно повторување на основни активности како лична употреба на производите и споделување на придобивките од нив и од бизнис можноста. Зошто како во основата на одгледувањето, берењето и производството на пијалаците од алое, така и во работата на сите сопственици на Форевер бизнис во светот останува истото важно правило – напорна работа од ден на ден, без да се предаваме или откажуваме. Да, понекогаш може да ви изгледа дека да правите едни исти работи секојдневно е здодевно и монотоно, но резултатите се секогаш тука. Претставете сѝ само ако работниците на полињата одлучат дека им е премногу монотоно да берат листови алое од насадите или пак мајсторите за филетирањето кажат: „Крај, од денес за промена ќе ги сечам листовите како краставици!“ Таква идеја нема да донесе ништо добро на никого од нас, нели? И со тоа не сакаме да кажеме дека не треба да сте креативни или пак треба да се фокусирате на една иста активност, без да вложувате ентузијазам и желба во вашата работа. Само сакаме да ве потсетиме дека користењето на производите, споделувањето на придобивките од нив и на бизнис можноста, како и вклучувањето на нови луѓе во мрежата се темелите на кои се гради целиот ваш бизнис со компанијата, и најдиректен пат кон гарантиран успех.

А тука се вклучува и другата голема сила во нашата индустрија – умножувањето на секој ваш напор. Тоа е главниот влог во мрежниот бизнис – повторување и распространување на систем од неколку прости чекори од повеќе луѓе. Значи, ако вие секој ден совесно го применувате системот за работа со Форевер, и вашите партнери ќе го прават истото, ќе го повторуваат и соработниците од нивните мрежи. Затоа малите, секојдневни, ако сакате наречете ги рутински активности, водат до големи резултати. Ве каниме никогаш да не престанувате да правите дури и мали напори, но секој ден!

**Стефан и Тања Стаеви**
Генерални директори на
Форевер Бугарија и С. Македонија



# Алое вера во фокусот

Гелот од внатрешноста на листовите на растението АЛОЕ ВЕРА (*Aloe Barbadensis Miller*) е корисен за луѓе и животни кога се зема како пијалак и кога се нанесува надворешно. Еве како алоето може да ви го подобри начинот на живот?

## Благотворно од внатре кон надвор

Можете да се грижите за вашата кожа и одвнатре кон надвор со нашиот испитан и проверен **Forever Aloe Vera Gel**. Алоето ја поткрепува кожата, косата, ноктите и бидејќи нашиот пијалак содржи 96.2% чист гел од внатрешноста на листовите, неговите својства за чистење имаат моќ да ви го дадат тој сјај на алоето.

Нашиот **Forever Aloe Vera Gel** е најдобриот начин за целосно уживање во придобивките од растението. Нашите насади се одгледуваат на плодни почви во клима со над 2 000 часа сонце годишно. Пијалаците на Форевер се сертифицирани од Меѓународниот научен совет за алое за нивната чистота и квалитет. Нашиот гел за пиење е што е можно поблиску до корисната ризница во листовите на растението. Може да се пофали со 96.2% алое гел внимателно извлечен на рака, за да ја почувствувате вистинската моќ на природата. Како што веќе спомнавме, алоето е одлично за кожата, но исто така и за имунитетот, тоа е одличен помошник за добро варење, а и нашите пијалаци содржат и витамин С. Меѓу многуте корисни својства на овој есенцијален витамин е тоа што придонесува за нормалната функција на имунолошкиот систем и за нормален тек на метаболизмот и производството на енергија.

Нашите алое гелови за пиење се достапни во неколку варијанти – од слатката киселост на **Forever Aloe Berry Nectar** и сочната зрелост на **Forever Aloe Bits N`Peaches** до тропската арома на **Forever Aloe Mango** и освежителниот вкус на портокал на **Forever Freedom** кој исто така содржи и глукозамин, хондроитин и МСМ.



Со векови алоето е ценето поради неговата способност да ја негува кожата со неговите нежни, но моќни својства да ја навлажнува по природен пат. Дали знаете дека според едно глобално истражување од 2017 г. најбараното дејство на козметиката кај потрошувачите е хидратацијата? Затоа Форевер одлучи да ја искористи моќта на алоето и ја комбинира со научно докажани состојки за да создаде неспоредливи производи за нега за кожата и лична хигиена.

## Ја смирува иритацијата




Растението алое вера било нарекувано со разни имиња низ годините. Можеби сте слушнале да го нарекуваат „лек за изгореници“, „растение-чудо“ или „билка за прва помош“ поради неговите смирувачки својства, а и фактот што се користи во традиционалната медицина илјадници години. Форевер го долови најдоброто од алоето во **Forever Aloe Vera Gelly** за локална употреба, кој во суштина е идентичен со гелот во внатрешноста на листовите на растението. Желето доставува 84% чисто алое на кожата и е погодно за навлажнување и смирување на лесни изгореници и кожни иритации, без да остава траги на облеката. Во секое домаќинство и во секоја аптека за прва помош треба да има тубичка **Forever Aloe Vera Gelly**!

## Ја балансира кожата

Кожата е многу чувствителен орган и нејзината површина е заштитена од фин и малку кисел филм. Ова е познато како кисела обвивка и претставува бариера која ја штити кожата од бактерии и вируси. Иако обвивката природно варира, понекогаш може да стане премногу чувствителна и да ја изгуби рамнотежата. Ова може да се должи на груби средства за чистење или влијанието на околната средина.

Веќе знаеме дека алоето е неверојатна козметичка состојка и една од причините за тоа е дека неговото pH е околу 5,5 – исто како на здравата кожа. Алоето им помага и на другите состојки во производите да се апсорбираат во кожата. Овие природни својства на алоето, заедно со корисните хранливи материи за кожата, беа инспирација за создавањето на козметичката серија **Sonya Daily Skincare**. Таа ја балансира комбинираната кожа, која понекогаш е сува, друг пат е мрсна, а се случува да биде и двете истовремено. Затоа ја нарекуваме „комбинирана“, а исто и „нормална“. Четирите производи во колекцијата „Соња“ се создадени специјално за неа и взаемно се дополнуваат за да ја балансираат. Серијата е добра за луѓе од 12 до 45-годишна возраст кои бараат козметика која не ја лишува кожата од нејзините природни масла. Прогресивниот комплет користи модерна технологија за гел-капсулирање, за да комбинира состојки кои инаку би се одделиле една од друга. Специјалниот метод ги држи здраво заедно додека не стигнат до кожата. Откако ќе дојдат на нејзината површина, тие се растопуваат во кожата како путер и секоја оди таму каде е најпотребна. Колекцијата вклучува **Refreshing Gel Cleanser** кој го измива лицето со богати антиоксиданти, без да го суши, **Illuminating Gel** кој придонесува за вашиот природен сјај, ја освежува кожата и ги затега порите, **Refining Gel Mask** која длабоко ја навлажнува и балансира кожата додека спиете, и **Soothing Gel Moisturizer** со хидролизиран колаген за повеќе еластичност и свежина.

Сега знаете како алоето може да ви биде корисно и не е тешко да видите зошто толку многу луѓе го обожаваат. Испробајте го и вие! **ПИЈАЛАЦИТЕ ОД АЛОЕ, Sonya Daily Skincare** и **Forever Aloe Vera Gelly** го предлагаат најдоброто од присутните својства на растението. Ви гарантираме дека ќе бидете импресионирани!



# Продуктивност

## Четирите фактори за успех: ПРОДУКТИВНОСТ

**Ова е трет дел од материјалот посветен на четирите основни фактори за раст во Форевер. Колку здрав и доходоносен ќе биде вашиот бизнис зависи од четирите клучни показатели: СПОНЗОРИРАЊЕ, КОНЗИСТЕНТНОСТ, ПРОДУКТИВНОСТ и РАЗВОЈ.**

Овој месец ќе се фокусираме на **ПРОДУКТИВНОСТА** која се состои во употреба и продажба на производи на крајни клиенти и ја нарекуваме уште и реализација на производи.

***Продуктивност = вашите бодови за активност (производи купени за лична употреба + производи доставени на вашите клиенти + производи порачани од вашите лично спонзорирани преференцијални клиенти).***

Целта на продажбите на мало е да добивате повисоки доходи. Ако во вашиот тим ставите акцент на значењето на стабилната база од клиенти и на реализацијата на производи, подобро ќе заработувате во три аспекти:

1. непосредна добивка од продажби на мало и од преференцијални клиенти,
2. шанса за развој на нови потенцијални соработници,
3. фокусот врз активноста со 4 б. ве фокусира и врз **активностите кои директно придонесуваат за растот и стабилноста** на вашиот бизнис: лична употреба и продажба на производи, како и лично спонзорирање на нови соработници.

Да разгледаме **три начини за оптимизирање на вашите бодови за активност.**

### Бидете производ на производите

Исклучително е важно да користите колку може повеќе Форевер производи и лично да се уверите во нивните својства да ви помагаат да изгледате и да се чувствувате подобро. Меѓу другото, ќе забележите наплив на енергија, помазна кожа и поголема самодоверба. Дополнително  ќе се стекнете со една од највредните бизнис активи – знаење за производите, при тоа од најдоброт учител – личното искуство! Не



заборавајте дека колку повеќе производи ќе искористите, толку повеќе знаење добивате, а тие пак ви носат поголеми продажби и повеќе бодови за активност. Како што го подобрувате вашето здравје и надворешниот изглед, вие станувате најдобрата реклама за вашиот бизнис. Другите ќе ја забележат промената и ќе сакаат и тие да си купат од производите на Форевер, благодарение на позитивното искуство кое вие самоуверено и со ентузијазам ќе го споделувате.

## Бизнис и ориентација кон производи

Порачките на вашите преференцијални клиенти пред тие да се квалификуваат за 30% попуст се дел од вашите бодови за активност. Вие сте ги спонзорирале и добивате 25% профит од нивните порачки, како и дополнителен бонус во зависност од личното ниво во маркетинг планот. Новоспонзорираните преференцијални клиенти се делат на две категории: **бизнис ориентирани** и **насочени кон**



**производи.** Луѓето од првата категорија обично започнуваат со еден од старт пакетите, веднаш прават презентација на производи и без одлагање започнуваат да реализираат производи и да спонзорираат нови соработници. Ориентираните кон производи од друга страна почнуваат со минимална порачка на производи за лична употреба и не се подготвени да се нурнат во бизнисот. Тие обично остануваат корисници на производите, додека не реализираат лични порачки за два бода во рамките на два последователни календарски месеци. Дотогаш вие ќе добивате 25% профит од нивните порачки плус соодветниот бонус. Може ова да трае со години. Важно е да не престанете да се грижите за нив така, како што се грижите и за крајните клиенти.

Сега знаете како да ја зголемите вашата ПРОДУКТИВНОСТ со зголемување на бодовите за активност. Тие се буквално основата на вашиот бизнис. Вашата идна сила и стабилност во Форевер се определени од квалитетот на темелите што ги поставувате. Ве охрабруваме никогаш да не престанете лично да реализирате производи, без оглед колку голем тим ќе изградите. Така не само што ќе заработите повеќе, туку и ќе им давате пример на соработниците од вашата мрежа. Замислете само што би се случило со вашите месечни доходи ако секој од нив ја зголеми својата продуктивност дури и за еден-два бода месечно!

## Не престанувајте да реализирате производи лично

Без оглед колку ќе стане голем вашиот бизнис, не треба да престанете вие лично да испорачувате производи на вашите клиенти. Тие продажби не само што ќе ги зголемат вашите доходи, туку и ви помагаат да бидете активни СФБ секој месец. Средства за реализација на производи се презентации (домашни забави), лични разговори, онлајн присуство со сопствен вебсајт (создаден со ФЛП360 или самостојно) и на социјалните мрежи, учество на изложби и саеми.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈАНУАРИ 2022 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР



Илијевска Мартина
Симеонова Манева Рахела

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



Фера Кујтиме

## СУПЕРВИЗОР



Бајрами Сорете
Василевска Лилјана
Димоски Александар
Етеми Сумеја
Ѓоргиева Гордана
Илијевска Сузана
Роме Владимир
Спасовска Сунчица
Фетахи Валдете

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОР



1. Ахмеди Исниса
2. Ајредини Нуртен
3. Ајрула Фекрије
4. Аларов Филип
5. Александровска Аџиева Ирена
6. Алексоска Билјана
7. Алексова Зорица
8. Амети Мерал
9. Андоновска Билјана
10. Ариф Фатиме
11. Арсовски Тодор
12. Бајрами Мухамет
13. Бектес Албана
14. Билали Рејхан
15. Божиновски Емилија
16. Велковска Ирена
17. Георгиевски Јанаки
18. Гошева Елизабета
19. Гулабовска Георгиевска Наташа
20. Даути Муареми Шпреса
21. Давчева Љубица
22. Демири Зафиме
23. Дичевска Слаѓана
24. Димчевска Ленче
25. Димовска Мартина
26. Доклевска Марина
27. Дуева Васка
28. Зибери Ермелинда
29. Илкова Васка
30. Јованоска Савица
31. Јовановска Марија
32. Јовановски Александар
33. Камберова Нермине
34. Крстева Виолета
35. Лимани Аријета
36. Марков Кате
37. Маркова Елена
38. Марковиќ Лазева Анѓелина
39. Марковски Зоран
40. Милошевска Анета
41. Незири Бесарта
42. Ончева Наташа
43. Павловска Маја
44. Пешовска Ангела
45. Петровска Андријана
46. Петровска Татјана
47. Поповски Лазо
48. Симовска Билјана
49. Спасова Благица
50. Станковска Наташа
51. Стефановска Наташа
52. Стојановиќ Бошковиќ Стојка
53. Стојчевска Искра
54. Талевска Виолета
55. Танчиќ Снежана
56. Таневска Николина
57. Танова Јасмина
58. Томова Татјана
59. Трајкова Тасева Катица
60. Ќазимова Неврије
61. Фетаи Лутвије
62. Христова Сузана
63. Џејлане Сејфулаи
64. Шабани Влора

Ве известуваме дека овој број е последното печатено издание на месечниот информатор. Од месец април ќе имате можност да следите актуелни месечни информации на блог на www.flp.bg

**https://www.flp.bg**


**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Гелевска Роза
2. Донакова Славица
3. Гелевска Елена
4. Илијевска Мартина
5. Трајчевска Катерина
6. Златковска Вера
7. Георгиевски Жарко
8. Алили Ахмеди Узлифет
9. Садики Шенгил
10. Димовска Стевица

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Илијевска Мартина
2. Донакова Славица
3. Садики Шенгил
4. Алили Ахмеди Узлифет
5. Георгиевски Жарко
6. Гелевска Роза
7. Симеонова Манева Рахела
8. Златковска Вера
9. Гелевска Елена
10. Фера Кујтиме


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.